Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-5535/1
05-06-2025 20 __ год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## за избор на мерки за реализација согласно втората заложба „Транспарентност и отворена локална самоуправа" на Акцискиот план на глобалното Локално Отворено Владино Партнерство

Општина Кисела Вода, како локална самоуправа, во 2024 година стана прва членка од Македонија на глобалното Локално Отворено Владино Партнерство (Local Open Government Partnership), платформа која има за цел да овозможи здружување на локалните власти и граѓаните за да ги направат општините и управувањето со општините отворени, инклузивни и респонзивни на барањата на граѓаните.

Како дел од реализација на првиот Акциски План на Општина Кисела Вода, на 31.03.2025 се одржа состанок помеѓу претставници на Месните Заедници (МЗ), Градоначалникот и тимот на Локално Отворено Владино Партнерство на општина Кисела Вода. На состанокот беа презентирани идеи/барања/предлози од граѓаните за реализирање на приоритетни активности во Општина Кисела Вода со цел за потранспарентно и отворено локално владеење.

Врз основа на сумираните идеи/барања/предлози од граѓаните, избрани се две мерки за реализација како дел од активностите од втората заложба „Транспарентност и отворена локална самоуправа" на Акцискиот план:

1. Опремување на кабинет за научно-практична работа во едно од основните училишта во општина Кисела Вода;
2. Реконструирање на мултифункционално игралиште и детско катче до трим патека;

Градоначалник на
Општина Кисела Вода

-----------------------------
Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Изработил:
Катерина Сиљаноска
Контролирал/одобрил
Павлина Рибарска